## Музејот на Модиљани

Музејот на Амадео Модиљани (1884-1920) сместен во станот во градот Ливорно, каде бил роден познатиот италијански сликар и скулптор од еврејско потекло, е затворен заради правните несогласувања меѓу сопствениците на тој простор - браќата Џорџо и Гвидо Гвастала. Според локалниот весник „Тирено“, локалниот галерист и ликовен



стручњак, Џорџо Гвастала, не успеал да се договори со брат му Гвидо по завршувањето на договорот за кирија, па затоа половина од станот Џорџо морал да ја врати на брат му. Браќата го купиле станот во 1991 година, а Џорџо во 1997 ја изнајмил половината на брат му за во целост да го претвори во музеј посветен на Модиљани. Проблемот настанал годинава, кога Гвидо одбил да го продолжи договорот со Џорџо за својата половина од станот бидејќи сакал да го претвори во светски центар за студии за Модиљани. (Д.Б.)

## Збирката на Фрида Кало

Во културниот свет се подигна голема прашина околу автентичноста на најголемиот архив на славната сликарка Фрида Кало пронајден досега, а кој содржи дури 1.200 предмети, слики, цртежи, писма со ракопис и дневнички записи. Но, медиумите прашуваат дали се вистински? Денешните



сопственици, антикварите Карлос Нојола и Летисија Фернандез, збирката ја купиле од некој мексикански пар, а тие од адвокат, овој, пак, од некој резбар, а резбарот од самата авторка Кало. Очигледно на тој пат се случувало сè и сешто, заради што „Princeton architectural press“ се колне во автентичноста на откритието, додека историчарите на уметноста врескаат дека станува збор за фалсификат. Сопственикот на збирката, Нојола, бил огорчен што најгласните експерти воопшто не ја виделе збирката! Меѓу најгласните критизери е и Мери-Ени Мартин, која во Њујорк тргува со сликите на Фрида Кало. (Д.Б.)



# Бесконечни можности во светот на фракталната екстраваганција

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**

Фрактална уметност, иако не е непозната, сепак, ретко се сретнува како поле за креативно изразување во Македонија. Гризелда Петровска е уметница која повеќе години наназад се занимава со фрактална уметност, а го основаше и Друштвото на дигиталните уметници на Македонија. Фракталната уметност претпоставува поголеми познавања од математиката и од дигиталната технологија, и не е случајно што Петровска го одбрала овој медиум, бидејќи работи како предавач по компјутерските предмети во Меѓународните училишта „Нова“, студира магистерски студии по е-бизнис, а ги креираше и првите македонски он-лајн флеш-игри, меѓу кои и македонската компјутерска верзија на играта „Кој сака да биде милионер?“.

**ФРАКТАЛИ** Во обид да навлеземе во тајните на нејзината уметност неопходно е да ја спознаеме дефиницијата на фракталот. „Зборот фрактал потекнува од латинскиот збор fractus кој значи фрактура односно прекршување. Фракталите претставуваат геометриски облици кои поделени на поситни делчиња, повторно, до најситни детали ја отсликуват сликата на целината од која настанале. Без разлика колку ситно се поделени, тие повторно може да го генерираат оригиналот. Тоа е таканареченото својство на себесличност. Фракталите својата математичката димензија ја добиваат во 17. век од математичарот Лајбниц, кој воочил дека својството на себесличност се добива по рекурзивен пат, односно по пат на итерации. Сепак, првиот творец на фракталите е мајката-природа. Фракталните шеми лесно може да се воочат кај кристалите, мразот, молњата, облаците, планинските венци, базенот на реките, шарата на мермерот, распукнувањето на почвата, разгранувањето на дрвјата, нерватурата на лисјата, коралите, цветовите на растенијата, особено впечатливи се кај карфиолот и брокулата, куќичката на полжавот, шарата на животинските крзна, крвните садови на циркулаторниот систем и многу други примери од нашето секојдневие. Значи, фракталите постојат од дамнешни времиња, а човекот дури отпосле ја дешифрира математичката формула на која се повинува фракталниот мотив“, објасни Гризелда Петровска.

**ПОТЕНЦИЈАЛ** Првата фрактална слика Петровска ја направила пред 15 години, но фракталите тогаш претставуваа груби слики ограничени од графичкиот перформанс на компјутерите и софтверските апликации кои беа на располагање во тоа време. Тогаш се работеше во 256 бои, што е многу малку во споредба со милиони бои кои ги имаме во денешно време. Тогаш, а и сега, своите уметнички потенцијали Петровска ги применила во повеќе математички формули. „Ќе





**ФОРМУЛИ** Нејзиниот омилен сет формули за креирање дигитални слики е множеството 'Julia', но Петровска ги применила и триаголниците на Сиерпински, змејовата крива, Коховата снегулка

## ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ ПРЕПОРАЧУВА



Дејан Пројковски е театарски режисер и извршен директор на Млад отворен театар. Со мото „Твоето огледало“, МОТ годинава се одржува од 19 до 26 септември, а додека течат финалните подготовки, Пројковски за „Глобус“ препорачува:

### КНИГА

„Браќата Карамазови“ од Фјодор М. Достоевски. Заедно со фреските на Микеланџело и музиката на Бах оваа книга е едно од ремек-делата кои се во постојан дијалог со Бога.



### ФИЛМ

„Андреј Рубљов“ од Тарковски. Во бескрајните пејсажи помеѓу земјата и небото Тарковски ја открива вистинската слика на бесмртноста и безвременоста - вечната душа.





**УМЕТНИЦА** Гризелда Петровска веќе неколку години создава фрактална уметност, а своите дела ги изложила во Лондон и во Њујорк

набројам некои од фракталните класици, а тоа се триаголниците на Сиерпински, Канторовите множества, змејовата крива, Љапуновиот фрактал, Коховата снегулка, итн., но, мој омилен сет формули за креирање дигитални слики е множеството 'Julia', наречено во чест на францускиот математичар Гастон Жулија. Неговите формули продуцираат фрактални слики со прекрасна елеганција и се широко применувани во фракталната уметност, иако самиот тој, починат во седумдесетите години, во недостаток на современа компјутерска технологија, покрај формулите со кои работел, никогаш не ги видел визуелизираните продукти на својот труд“.



■ **ПАРАМЕТРИ** Предност во фракталната уметност е што инспирацијата не може да биде ограничена и што секогаш може да се добијат нови дела до бесконечност. „Да се добие една фрактална слика потребна е, пред сè, добра волја и упорност, а потоа компјутер и соодветен софтвер. Денешните апликации поседуваат вградени формули и скрипти на кои може да се менуваат параметрите. Уметникот може да ја модифицира скриптата или да создаде своја. Убавина при креирањето на фракталните слики претставува и безвременската димензија и флексибилноста при нивното творење. Имено, кога работам на одредена слика, параметрите кои ги поставувам се снимени како фајл еднаш за секогаш. Таа безвременска параметарска капсула можам да ја отворам после неколку години и повторно да доработам некои детали или да генерирам нова слика врз основа на постоечката. Што се однесува до флексибилноста, еден ист фрактален мотив во било кое време може да биде претворен во бои по избор и во димезии кои варираат од минијатура до билборд-постер. Од една математичка формула може да се добијат буквално бесконечно многу слики затоа што вредностите кои ги имаат параметрите, всушност, се реални броеви. Обично не се применува само една формула, туку комбинација од неколку што повторно придонесува за бесконечно многу можности во светот на фракталната екстраваганца. Секако, уметникот треба самиот да ја воочи фината линија до каде може да оди со комбинациите за крајниот продукт да е слика која е атрактивна за човековото око. Финалниот продукт може да биде слика во електронски формат, слика на хартија, платно, текстил, пластика, керамика, итн. Примената е навистина широка“, вели Петровска.

Фракталните дела на Гризелда Петровска досега биле изложени во Лондон, како дел од проект на Британската влада, и во Њујорк, во првиот музеј на компјутерска уметност (MOCA). Исто така нејзините фрактали може да се видат во он-лајн галеријата на www.grizelda.eu, а изложбата во Скопје допрва следи. ■

## ТЕАТАР



„Пансионот Ф“ во режија на Хубер Крамер. Претстава од Виена која предизвика огромни медиумски скандали, закани со смрт, цензури... само поради храброста и доследноста на режисерот да биде свој.

## ЦД



„Слики од изложбата“ од Модест Мусоргски, во изведба на Берлинската филхармонија, е како вечна инспирација за моите театарски соништа.

## ИНТЕРНЕТ



На Интернет-сајтот www.esra.com.mk ќе се запознаете со единствената приватна високообразовна институција од областа на аудиовизуелните уметности кај нас, која создава уметници кои со своите дела се стремат да го променат светот.

## Домашно кино

ПИШУВА: **ИГОР АНЃЕЛКОВ**

### Тетро

**(САД)**
TETRO (127 мин.)

**режија: Френсис Форд Копола**
**улоги: Винсент Гало, Алден Иренрајх, Кармен Маура**



По одлично оценетиот „Младина без младост“, кој го најави враќањето на мајсторот во режисерското столче, Ф. Ф. Копола сними уште ден филм, полуавтобиографската драма која ова лето добро помина на киноблагајните. А и како не би било така, кога главната улога ја толкува контроверзниот В. Гало, за кого самиот режисер изјави дека е момче со специфичен карактер, кое тој, сепак, успеал во целост да го скроти. Уживајте во повеќеслојната приказна за генерациските случувања во едно имигрантско уметничко семејство, раскажана проклето добро.

★★★★

### Браќата Блум

**(САД)**
THE BROTHERS BLOOM (109 мин.)

**режија: Рајан Џонсон**
**улоги: Рејчел Вајс, Едриен Броди, Марк Рафало**



Не „Браќата Грим“ на Тери Гилијам, туку „Браќата Блум“ е новиот наслов во кој рамо до рамо, како братски тандем, настапуваат Е. Броди и М. Рафало. Но, тие не би функционирале толку добро доколку на платното не им парира секси-пилната Р. Вајс. Филмот ја раскажува приказната за двајцата милионери, кои низ интриги ги заработуваат, а понекогаш и ги губат своите зелени банкноти. Откако ќе одлучат да се повлечат од сцената праведни ја последната зделка, во нивниот живот ќе влезе ексцентричната хероина која ќе им го заврти умот. Ви звучи познато, нели!?

★★☆☆

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично